АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4703 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово

3. **Период опфатен со надзорот:** 19 септември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*За непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-429 од 12.08.2016 година) на Трговско радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (13.08.2016 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, емитуван на 19 септември 2016 година, на локално ниво, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по решението** за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-429 од 12.08.2016 година), односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

(обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на албански јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).

Во анализираниот ден, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, емитуваше 7 часа 7 минути и 53 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на албански јазик, што е **31,24%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 49 минути и 28 секунди), односно за 4 часа 16 минути и 51 секунда помалку од потребниот минимум. 50%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:49:28), е 11 часа 24 минути и 44 секунди.

Половина од овој законски минимум е 5 часа 42 минути и 22 секунди изворно создадена програма во РМ на албански јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, програмскиот сервис на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, емитувал вкупно **4 часа 37 минути и 26 секунди**, што е за 1 час 4 минути и 56 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, на 19 септември 2016 година, не емитуваше најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански јазик, ниту пак, најмалку половина од неа емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 12 август 2016 година, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка